**Република Северна Македонија**
**Основен суд Неготино**
**Су-04 број 90/23**
**13/12/2023 година**
**Неготино**

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 1 и член 25 од Законот за судска служба („Службен весник“ број 43/14...235/22), Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административна селекција, на испитите, проверката на веродостојноста на докази и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови на постапката на селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници („Службен весник“ број 236/18), Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Неготино Су-04 број 28/22 од 01.02.2022 година и согласноста од Судски буџетски совет број 08-192/6 од 24.04.2023 година, в.в. известувањето од Министерство за финансии број 18-4038/2 од 04/04/2023 година

**ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО**
**објавува**

# <u>ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 03/2023</u>

**за вработување на двајца судски службеници**
**на неопределено време**

**<u>1. СУДСКИ СОРАБОТНИК</u> категорија „В ниво 3“ - 1 (еден) извршител**

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ – потребни стручни квалификации и компетенции:**

- најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен правен факултет VII/1 и положен правосуден испит
- најмалку 1 (една) година работно искуство во струката (по положен правосуден испит)
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски)
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

**Основна (нето) плата за работното место:**
- 36.526,00 (триесет и шест илјади петстотини дваесет и шест) денари

**<u>2. ПОМЛАД СУДСКИ СОРАБОТНИК</u> категорија „В ниво 4“ - 1 (еден) извршител**

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ – потребни стручни квалификации и компетенции:**

- најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен правен факултет VII/1
- со или без работно искуство во струката
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

**Основна (нето) плата за работното место:**
- 33.037,00 (триесет и три илјади триесет и седум) денари

**Покрај посебните услови, кандидати потребно е да ги исполнуваат и следните <u>ОПШТИ УСЛОВИ</u>:**

- да е државјанин на РСМ
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна „забрана за вршење на професија, дејност или должност“

**Останати права и должности**:

- работни часа неделно: 40
- работни денови: од понеделник до петок
- работно време: од 07,30 до 15,30 часот
- дневна пауза: од 11,00 до 11,30 часот

Условите наведени во огласот <u>кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.</u>

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно, со точни и веродостојни податоци, со изјава под материјална и кривична одговорност дека податоците во пријавата се точни и да ги доставaт потребните докази за посебните услови за работното место на кое конкурираат и за општите услови во оригинал или заверени на нотар.

Доколку кандидатот има и други дипломи, сертификати или уверенија, истите да ги достави кон пријавата.

Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата ќе биде дисквалификуван.

Рокот за поднесување на пријавите изнесува **<u>15 (петнаесет) дена</u>** сметано од наредниот ден од објавувањето на огласот во дневните весници.

Пополнетата пријава за вработување кандидатите се должни да ја достават <u>со докази за исполнување на посебните и општите услови во писмена форма</u> преку приемната писарница на Основен суд Неготино или по пошта на адреса „Основен суд Неготино ул.„Маршал Тито“ број 84 Неготино, со назнака „за јавен оглас бр.03/2023“.

Времето и датумот на одржување на административната селекција, испитот и интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на Основен суд Неготино.

Кандидатите кои ќе ја поминат административната селекција полагаат испит за судски службеник во просториите на Основниот суд Неготино.

Базата на прашања и потребната стручна литература, како и пријавата за вработување на судски службеник е достапна на веб страната на Основниот суд Неготино.

**Основен суд Неготино**